**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО БИТОЛА**
Булевар 1-ви Мај ББ Битола, тел 047/ 239 368 vjo.bitola@gmail.com

**А бр.136/20**
**22.12.2020 година**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15), **Вишиот јавен обвинител Битола каде не е избран секретар**, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во **Вишо јавно обвинителство Битола** и тоа за работно место **Соработник-Информатичар,во Одделение за општи работи, Сектор за општи и помошно стручни работи**, врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира:

   **Пеце Главевски**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место **Соработник-Информатичар, Одделение за општи работи, Сектор за општи и помошно стручни работи - 1 извршител**, во **Вишо јавно обвинителство - Битола.**

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, **Вишиот јавен обвинител Битола, каде не е избран секретар** изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
Мери Тромбева

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Избраниот кандидат
- Архива.